**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УПI бр. 25-126
.2016 година
Скопје 190916

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајки по барањето со УПI бр. 25-126 од 13.07.2016 година, поднесено од страна на Универзитетот „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

1. **Се овластува** Универзитетот „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје, врз основа на Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-428/3 од 06.07.2016 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-009 од 06.04.2008 година и неговиот Прилог издаден на 06.04.2016 година, како и Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ЛТ-045 од 29.10.2014 година и неговиот Прилог издаден на 20.11.2015 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, да врши научни и технички работи во постапките на инспекциското место:

**1.1. „Машински факултет – Скопје" на ул.Руѓер Бошковиќ во Карпош II б.б за:**

а) - **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S, техничка служба од категорија А и Б,** согласно член 11 став (2), член 20 став (4), член 52-а став (4) и член 57 став (1) алинеи 3 и 4 од Законот за возила; член 2, член 5 став (2), член 9, член 11 став (1) и (2), член 14 став (6) и член 15 став (1), (3-а) и (3-б) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и основото оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10);

б) - **одобрување на преправени и поправени возила, техничка служба од категорија А и Б,** согласно член 11 став (2), член 19 и член 54 од Законот за возила; член 5, член 6, член 7 и член 8 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и основото оптоварување на возилата;

в) - **одобрување на тип на возило – техничка служба од категорија А, Б и Д** согласно член 11 став (2) и член 58 од Законот за возила; Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменет за таквите возила („Службен весник на Република Македонија" бр.132/09 и 95/12); Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две и три тркала („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09); Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори („Службен весник на Република Македонија" бр.134/09) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и основото оптоварување на возилата;

г) - **инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) - техничка служба од категорија Б,** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила, член 6 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.109/16);

**д) - тестирање согласно следните документи - техничка служба од категорија А:**
- ECE R 13.11 – (TCB 109) согласно Прилог 12 точка 10 од овој правилник, тестирање на компатибилноста на уредот за управување и сопирачката кај возилата опремени со налетен (инерцијален) систем за кочење;
- ECE R 48.06 – (TCB 120) – на приклучни возила во однос на вградувањето на светлосни и светлосно сигнални уреди;
- ECE R 58.02 – (TCB 103) на уреди за заштита од подлетување од назад на возила; возила во однос на вградувањето на уреди за заштита од подлетување од назад кои се со одобрен тип; и возила во однос на нивните уреди за заштита од подлетување од назад;
- ECE R 73.01 – (TCB 142) на возила во однос на нивните уреди за бочна заштита; уреди за бочна заштита на возилата; возила во однос на вградувањето на уреди за бочна заштита кои се типски одобрени, согласно дел II од овој Правилник;
- ECE R111.00 - на возила цистерни од категориите N и O во однос на стабилноста од превртување.
- ECE R 121.00 - (TCB 133) на возила во однос на локацијата и идентификацијата на рачните команди, сигналните светла и индикаторите;
- **TCB 104 – техничка спецификација** по која се тестираат возила во однос на просторот за поставување на регистарски таблици и прицврстувањето на задните регистарски таблици;
- **TCB 118 – техничка спецификација** по која се тестираат возила во однос на пропишаните таблици и ознаки и нивните поставувања и начин на прицврстување;
- **TCB 148 – техничка спецификација** по која се тестираат возила во однос на нивните маси и димензии;

**1.2 на следните инспекциски места:** „ПСС" ДОО Радовиш на ул Индустриска б.б.; АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово на ул.Козјачка б.б. с.Доброшане; и АЛФА АУТО Прилеп на ул.Александар Македонски б.б. да се вршат стручни и технички работи во постапки на:
- **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S,** согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило; и
- **одобрување на преправени и поправени возила во секторски области,** согласно член 5, член 6 точка 10, 20 и 23, член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила;

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за овластување за техничка служба УП I бр. 25-210 од 24.10.2013 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје,** до Министерството за економија поднесе барање УП I бр. 25-126 од 13.07.2016 година со кое бара овластување за техничка служба.
Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-428/3 од 06.07.2016 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-009 од 06.04.2008 година и неговиот Прилог издаден на 06.04.2016 година, како и Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ЛТ-045 од 29.10.2014 година и неговиот Прилог издаден на 20.11.2015 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива во поднесеното барање, при што утврди дека на инспекциското место:
**1.1. „Машински факултет – Скопје" на ул.Руѓер Бошковиќ во Карпош II б.б за:**
**а) - единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S, техничка служба од категорија А и Б,** согласно одредбите на Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;
**б) - одобрување на преправени и поправени возила - техничка служба од категорија А и Б,** согласно одредбите на Законот за возила, Правилникот за одобрување на преправени и

поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;
**в) - одобрување на тип на возило – техничка служба од категорија А, Б и Д** согласно одредбите на Законот за возила; Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменет за таквите возила; Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две и три тркала; Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;
**г) - инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор), – техничка служба од категорија Б,** согласно одредбите на Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото;
**д) – тестирање согласно следните документи - техничка служба од категорија А:**
- ECE R 13.11 – (TCB 109) согласно Прилог 12 точка 10 од овој правилник, тестирање на компатибилноста на уредот за управување и сопирачката кај возилата опремени со налетен (инерцијален) систем за кочење;
- ECE R 48.06 – (TCB 120) – на приклучни возила во однос на вградувањето на светлосни и светлосно сигнални уреди;
- ECE R 58.02 – (TCB 103) на уреди за заштита од подлетување од назад на возила; возила во однос на вградувањето на уреди за заштита од подлетување од назад кои се со одобрен тип; и возила во однос на нивните уреди за заштита од подлетување од назад;
- ECE R 73.01 – (TCB 142) на возила во однос на нивните уреди за бочна заштита; уреди за бочна заштита на возилата; возила во однос на вградувањето на уреди за бочна заштита кои се типски одобрени, согласно дел II од овој Правилник;
- ECE R111.00 - на возила цистерни од категориите N и O во однос на стабилноста од превртување.
- ECE R 121.00 - (TCB 133) на возила во однос на локацијата и идентификацијата на рачните команди, сигналните светла и индикаторите;
- TCB 104 – **техничка спецификација** по која се тестираат возила во однос на просторот за поставување на регистарски таблици и прицврстувањето на задните регистарски таблици;
- TCB 118 – **техничка спецификација** по која се тестираат возила во однос на пропишаните таблици и ознаки и нивните поставувања и начин на прицврстување;
- TCB 148 – **техничка спецификација** по која се тестираат возила во однос на нивните маси и димензии;

**1.2 на следните инспекциски места: „ПСС" ДОО Радовиш на ул Индустриска б.б.; АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово на ул.Козјачка б.б. с.Доброшане; и АЛФА АУТО ДООЕЛ Прилеп на ул.Александар Македонски б.б.** да се вршат стручни и технички работи во постапки на:
- **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S,** согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило; и
- **одобрување на преправени и поправени возила,** согласно член 5, член 6 точка 10, 20 и 23, член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила;

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-428/8 од 06.07.2016 година;

- Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-009 од 06.04.2008 година со важност до 05.04.2020 година и неговиот Прилог издаден на 06.04.2016 година;

- Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ЛТ-045 од 29.10.2014 година со важност до 28.10.2018 година и неговиот Прилог издаден на 20.11.2015 година од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Доказ за регистрирана дејност, издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

- Копии од обрасците М1/М2 за: проф д-р Ќосевски Милан; проф. д-р Данев Дарко; проф. д-р Атанас Кочов; проф. д-р Ѓурков Игор; проф д-р Јанчевски Јанко; проф. д-р Симоновски Петар; проф. д-р Гавриловски Виктор; доц. д-р Ташевски Ристо; проф. д-р Сидоренко Софија; асистент м- р Мицевска Јелена; доц. д-р Костиќ Александар; доц. д-р Аврамов Никола; асистент дипл. инж. Ризов Ташко; м-р Стеван Ќосевски; доц. д-р Мирчевски Иле; асистент м-р Јорданоска Васе, дипл. маш инж. Оливера Стојчева Симеонова; дипл. инж Соколов Михаил; дипл. маш инж. Рецовски Благој; дипл. инж. Камчевски Антонио; дипл. маш инж. Страхинјиќ Драгиша, дипл. маш. инж. Свирков Илија и дипл. маш. инж.Бубевски Митко;

- Полиса 130400000153/00 за осигурување од професионална одговорност, со важност до 01.12. 2016 година;

- Изјава за сопствен деловен простор бр.10-792/2 од 08.04.2016 година од проф. д-р Атанас Кочов Декан на Машински факултет во Скопје и Список на опрема со која располага инспекциското тело;

-Договори за деловно - техничка соработка за инспекциските места: „ПСС" ДОО Радовиш бр. бр. УЗП 1489/2016 од 27.04.2016 година; **АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово** бр. УЗП 1488/2016 од 27.04.2016 година; и **АЛФА АУТО ДООЕЛ Прилеп** УЗП 1487/2016 од 27.04.2016 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издаден од Централен регистар на Република Македонија бр.0808-31/8848 од 16.12.2015 година.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Driton Kuqi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
СКОПЈЕ